Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Златко Кофиловски како претседател и членовите Меланија Крамарска и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 30-013180/26-0002 од 10.03.2026 година на ЦИ Скопје 4, Царинарница Скопје, поведена против сторителите на царински прекршок "Мамут" Дооел од Скопје, за царински прекршок по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон и Ацо Маневски од Кучково, за царински прекршок по член 263 став 2 вв став 1 точка 12 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и членовите 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на ден 06.07.2026 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Друштво за производство, промет и услуги "Мамут" Дооел од Скопје, со седиште на улица „Радњанска" бр.16 во Скопје, со ЕДБ 4030992207737, со жиро-сметка број 250000000101767, депонент на Шпаркасе Банка- Скопје, како правно лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон

2. Ацо Маневски од Кучково, роден на 22.11.1965 година во Скопје, со живеалиште на улица 5 бр.125, Кучково, Скопје, со ЕМБГ 2211965450074, лична карта број М0900499 издадена на 28.08.2024 година од МВР-Скопје, државјанин на Република Северна Македонија, како управител во правното лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 2 вв став 1 точка 12 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 04.03.2026 година, на ЦИ СКопје 4, од страна на декларантот МЕДИТЕРАН НП од Скопје, била поднесена увозната царинска декларација со број 26МКІМ101400011575, за увозникот МАМУТ ДООЕЛ од Скопје, при што за царинење била пријавена стока 3Д СКЕНЕР Revopoint miraco plus, во вредност од 1.450 ЕУР и распоредена во тарифен број 8471 607000 со предвидени давачки 0 % царина и 5 % ДДВ. При контрола и проверка на приложената увозна фактура со број 26-ZZ004000011 од 26.02.2026 година, од извозникот VOXELLAB, било утврдено дека стоката треба да биде правилно распоредена во тарифна ознака 9031802000 со предвидени давачки од 0 % царина и 18% ДДВ. Поради неправилното распоредување во друг тарифен број се предизвикало пресметка на царински давачки во помал износ. Бил изготвен Записник за наод од извршена контрола со број 30-013097/26-0001 од 05.03.2026 година, со што се утврдило дека пресметаните

давачки според поднесената декларација се 4.473, 00 денари, а после извршена контрола и соодветно тарифирање се во износ од 16.102,00 денари, односно висината на износот на избегнатите давачки е 11.629,00 денари.

Со ваквото наведеното дејство првопријавениот "Мамут" Дооел од Скопје, постапил спротивно на член 72 од Царинскиот закон и сторил прекршок по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон, а второпријавениот Ацо Маневски од Кучково, како одговорно лице во правното лице, сторил царински прекршок по член 263 став 2 в.в со став 1 точка 12 од Царински закон, поради што од страна на Комисијата за одлучување по прекршок

ИМ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На правното лице "Мамут" Дооел од Скопје, глоба во износ од 250 (двестаедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на изрекување на глобата, во износ од 15.375,00 денари.

2. На одговорното лице Ацо Маневски од Кучково, глоба во износ од 150 (стопедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 9.225,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителите се должни да ги платат во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја платат на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0187/26, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0187/26 примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршените уплати (обрасците ПП50) да ги достават во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РСМ, ул.„Колекторска" 6.6., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 30-013180/26-0002 од 10.03.2026 година на ЦИ Скопје 4, Царинарница Скопје, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка

против сторителите на царински прекршок, првопријавениот "Мамут" Дооел од Скопје за сторен прекршок по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон и второпријавениот Ацо Маневски од Кучково, за сторен царински прекршок по член 263 став 2 в.в став 1 точка 12 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 2 од Законот за прекршоците, со покани за писмено произнесување број 28-013180/26-0003 и 28-013180/26-0004 од 103.04.2026 година, писмено ги извести сторителите за поднесеното барање и ги поучи да се изјаснат за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Првопријавениот "Мамут" Дооел од Скопје не ја примил поканата и покрај направени два последователни обида да се изврши уредно достава, со напомена на вратеното писмо од пошта Скопје за недоволна адреса, и покрај тоа што адресата е проверена во УЈП и е во согласност со податоците за адреса наведени во тековната состојба од Централен регистер од 13.02.2026 година. Согласно член 56 став 5 и 57 став 4 од Законот за прекршоците, Комисијата, истата на ден 11.05.2026 година ја објави на веб страницата на Царинска управа, со што по истекот на осум дена од денот на објавување се смета дека доставата е уредно извршена, по што пријавениот "Мамут" Дооел од Скопје, во законскиот рок писмено не се произнесе.

Исто така за второпријавениот Ацо Маневски од Кучково, Комисијата направи два последователни обида да се изврши уредно достава, но не успеа да ја достави поканата за писмено произнесување и по проверка на адресата преку МВР, како и податоците за адреса наведени во тековната состојба од Централен регистер од 13.02.2026 година, каде се работи за иста пријавена адреса, видно од вратеното писмо со напомена лицето е непознато, второпријавениот не ја примил поканата, па согласно член 56 став 5 и 57 став 4 од Законот за прекршоците, истата на ден 11.05.2026 година ја објави на веб страницата на Царинска управа, со што по истекот на осум дена од денот на објавување се смета дека доставата е уредно извршена, по што пријавениот Ацо Маневски од Кучково, во законскиот рок писмено не се произнесе.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: Барање за поведување на прекршочна постапка број 30-013180/26-0002 од 10.03.2026 година на ЦИ Скопје 4, записник за царински прекршок број 30-013180/26-0001 од 06.03.2026 година, увозна царинска декларација 26MKIM101400011575, фактура 26-ZZ004000011, Записник за наод од извршена контрола со број 30-013097/26-0001 од 05.03.2026 година, тековната состојба од Централен регистер од 13.02.2026 година, покани за писмено произнесување број 28-013180/26-0003 и 28-013180/26-0004 од 03.04.2026 година, вратени писма од пошта Скопје, допис од МВР за проверка на адреса, преглед на даночен обврзник од УЈП,

барање за објава на веб страницата на Царинска управа, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 04.03.2026 година, на ЦИ СКопје 4, од страна на декларантот МЕДИТЕРАН НП од Скопје била поднесена увозната царинска декларација со број 26MKIM101400011575, за увозникот МАМУТ ДООЕЛ од Скопје, при што за царинење била пријавена стока 3Д СКЕНЕР Revopoint miraco plus, во вредност од 1.450 ЕУР и распоредена во тарифен број 8471 607000 со предвидени давачки 0 % царина и 5 % ДДВ. При контрола и проверка на приложената увозна фактура со број 26-ZZ004000011 од 26.02.2026 година, од извозникот VOXELLAB, било утврдено дека стоката треба да биде правилно распоредена во тарифна ознака 9031802000 со предвидени давачки од 0 % царина и 18% ДДВ. Поради неправилното распоредување во друг тарифен број се предизвикало пресметка на царински давачки во помал износ. Бил изготвен Записник за наод од извршена контрола со број 30-013097/26-0001 од 05.03.2026 година, со што се утврдило дека пресметаните давачки според поднесената декларација се 4.473, 00 денари, а после извршена контрола и соодветно тарифирање се во износ од 16.102,00 денари, односно висината на износот на избегнатите давачки е 11.629,00 денари.

Со ваквото наведеното дејство првопријавениот "Мамут" Дооел од Скопје, постапил спротивно на член 72 од Царинскиот закон и сторил прекршок по член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон, а второпријавениот Ацо Маневски од Кучково, како одговорно лице во правното лице, сторил царински прекршок по член 263 став 2 в.в со став 1 точка 12 од Царински закон.

Согласно член 72 став 1 од Царинскиот закон царинска декларација во писмена форма се поднесува на образец пропишан со прописот од членот 257 на овој закон. Царинската декларација во писмена форма мора да биде потпишана и мора да ги содржи сите податоци кои се неопходни за спроведување на царинските прописи со кои е регулирана царинската постапка за која стоката е декларирана.

Согласно член 263 став 1 точка 12 од Царинскиот закон, глоба во износ од 50 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице микро трговец и мал трговец, а глоба во износ од 250 до 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице среден трговец и голем трговец, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е до 250 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е до 500 евра во денарска противвредност, ако во увозната царинска декларација наведе тарифна ознака во спротивност со податоците за видот на стоката во рубрика 31 од ЕЦД и тоа предизвикува или може да предизвика плаќање увозни давачки, други давачки и даноци во помал износ (член 72 став (1));

Согласно член 263 став 2 вв став 1 точка 12 од Царинскиот закон, глоба во износ од 15 до 150 евра во денарска противвредност, за прекршок од ставот (1) на овој член, ќе се изрече на одговорно лице во правното лице или на физичко лице, кога износот на избегнатите

увозни давачки, други давачки и даноци е до 250 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е до 500 евра во денарска противвредност, ако во увозната царинска декларација наведе тарифна ознака во спротивност со податоците за видот на стоката во рубрика 31 од ЕЦД и тоа предизвикува или може да предизвика плаќање увозни давачки, други давачки и даноци во помал износ (член 72 став (1));

Имајќи ги предвид утврдената фактичка состојба и погорецитираните законски одредби, Комисијата изврши увид во доказниот материјал и утврди дека сторителите го сториле прекршокот кој им се става на товар од член 263 став 1 и 2 точка 15 од Царинскиот закон и на истите треба да им се изрече прекршочна санкција односно глоба.

Согласно член 16 став 1 од Законот за прекршоците на сторителот на прекршокот му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги во предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот, согласно став 3 од истиот член при одмерувањето на санкцијата се земаат во предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнувачки околности), а особено степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по прекршокот особено дали ја надоместил штетата, како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот, додека согласно став 4 од истиот член при одмерувањето на глобата се има во предвид имотната состојба на сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

Во истата оваа насока, Комисијата утврди дека обвинетото правно лице првопријавениот "Мамут" Дооел од Скопје, се распоредува во класификацијата на „мал трговец" видно од тековната состојба од Централен регистер од 13.02.2026 година, па имајќи го предвид износот на избегнатите, Комисијата на сторителите им изрече глоба според одредбите на цитираниот Царински закон („Службен весник на РСМ" бр.110/21), односно им изрече глоба во износ кој одговара на износот на избегнатите увозни давачки, и тоа 250 евра на правното лице и 150 евра на одговорното лице во правното лице.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед дека тужбата го одлага извршувањето на решението, потребно е

примерок од тужбата да се достави до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок, бидејќи во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Претседател на комисија,
Златко Кофиловски

Број 28-013180/26-0010
Скопје, 06.07.2026 година
Прк.бр.0187/26

Доставено во оригинал до:
- сторители
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител